**Дополнителни услови за болничко лекување во случај на COVID_19**

**Член 1**

(1) Со овие Дополнителни услови за осигурување на болничко лекување во случај на Covid_19 (во понатамошниот текст: Дополнителни услови) се уредува осигурувањето за случај на лекување на Covid_19 во болнички услови, за кој на осигуреникот во случај на настанување на осигурен случај ќе му се исплатат трошоци за болничко лекување до договорената осигурена сума наведена во полисата.

(2) Овие Дополнителни услови се составен дел на Оштите услови за доброволно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+ и Посебните услови за колективно доброволно здравствено осигурување, но ќе се применува на договори за осигурување кои ќе се договорат од страна на Акционерското друштво за осигурување Кроациа Осигурување неживот - Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач) само доколку е договорен ризикот Трошоци за болничко лекување во случај на Covid_19 при што Договарачот на осигурување ќе плати дополнителна премија.

**Член 2**

(1) Ови дополнителни услови за болничко лекување во случај на Covid_19 важат само доколку ризикот Трошоците за болничко лекување во случај Covid_19 е договорен и наведен во полисата.

(2) Максималната обврска на осигурувачот за трошоците за болничко лекување во случај на Covid_19 е до осигурената сума за ризикот трошоци за болничко лекување во случај на Covid_19 наведена во полисата, но најмногу до 5.000 €, кој преставува подлимит за ризикот болничко и малигно лекување при што болничкото лекување (хоспитализацијата) трае не помалку од 24 часа и при тоа осигуреното лице исполнува еден од следните два услови:

а) осигуреникот да е на возраст од 18 до 50 години за семејно, а до 64 години за колективно здравствено осигурување и да е целосно имунизиран (вакциниран со 2 дози на вакцини за Covid_19) про што поминале најмалку 15 дена од денот на примање на втората доза на вакцинација до моментот на хоспитализација поради лекување од Covid_19, или

б) осигуреникот да е на возраст од 18 до 64 години да има прележано Covid_19, при што поминале најмалку 30 дена од денот на завршување на рокот на изолација (наведен во решението за изолација поради позитивен случај/тест на Covid_19) до денот на хоспитализација поради лекување од Covid_19.

(3) Максималната пристапна старост за доброволно семејно здравствено осигурување со вклучен ризик трошоци за болничко лекување во случај на Covid_19 е навршени 50 години. За осигурени лица по семејно доброволно здравствено осигурување со вклучен ризик трошоци за болничко лекување во случај на Covid_19, осигурителното покритие

дефинирано по овие дополнителни услови престанува со наполнети 50 години старост на осигуреното лице.

**Член 3**

(1) Осигурителното покритие за болничко лекување во случај на Covid_19 ги покрива сите трошоци наменети за лекување на болеста Covid_19 додека лицето е хоспитализирано поради истата причина. Осигурителното покрите важи само во случај осигуреното лице да биде хоспитализирано повеќе од 24 часа (болничко лекување) во приватна здравствена установа поради лекување од Covid_19. Трошоците за болничко лекување во случај на Covid_19 се предмет на осигурување доколку се настанати во приватни здравствени установи на територија на Република Северна Македонија.

(2) Максималната обрска на Осигурувачот кај договорите за колективното доброволно здравствено осигурување е до наведената осигурена сума во полисата, но не повеќе од 5.000 евра по осигурено лице. Максималната обрска на осигурувачот кај договорите за доброволно семејното здравствено осигурување е до 5.000 евра за сите осигурени лица на едно семејство во годишен агрегат.

**Член 4**

(1) Овие Дополнителни услови важат заедно со Оштите услови за доброволно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+ и Посебни услови за колективно доброволно здравствено осигурување, а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови за Болничко лекување во случај на COVID_19

**Член 5**

Овие дополнителни услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на договорите за осигурување склучени по 01.01.2022 год.

Претседател на Одбор на директори
Роберт Вучковиќ

-----------------------------------------